# БИЛТЕН

СИНДИКАТ УПОЗ

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БР 42 (2) ФЕВУАРИ-АПРИЛ 2006


СЕДУМНАЕСЕТТИ КОНГРЕС НА ССМ

## ВАНЧО МУРАТОВСКИ ПОВТОРНО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ССМ

Делегатите на Седумнаесеттиот конгрес на Сојузот на синдикатите на Македонија што се одржа на 19 март 2006 година во Домот на АРМ во Скопје, меѓу тројца кандидати за претседател на Сојузот, повторно го избраа Ванчо Муратовски.

Од вкупно 135 делегати, гласаа 134 а 74 делегати го дадоа гласот за Ванчо Муратовски, 52 за кандидатот Живко Митревски и 4 гласа доби кандидатот Бранко Мушкарски.



Со тоа Ванчо Муратовски по вторпат го доби мандатот да биде на чело на Сојузот на синдикатите на Македонија и во наредните пет години.

*ТРЕТА ПРОШИРЕНА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 12.04.2006 ГОДИНА*

# КОГА ЌЕ ИМА КОРЕКЦИЈА НА ПЛАТИТЕ ЗА СУДСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

***На Третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ главна тема на расправа беа проблемите на вработените во правосудните органи. Беа сумирани и резултатите од анкетата меѓу синдикалните организации од правосудните органи за организирање генерален штрајк. Во меѓувреме Синдикатот на УПОЗ беше вклучен и во подготовката на новиот Закон за судовите и повеќе негови предлози беа прифатени. Дали решенијата во новиот закон можат да ги разрешат актуелните проблеми со платите на вработените и другите надоместоци?***

***На седницата беа усвоени и Финансиските извештаи на Синдикатот на УПОЗ и Солидарниот фонд во 2005 година. Основна констатација е дека домаќински се работело, остварени се сите програмски активности а има и вишок на средства кои се пренесени во наредната, односно во 2006 година.***

**СИНДИКАТОТ НА УПОЗ НА СИТЕ СВОИ ЧЛЕНОВИ ИМ ГО ЧЕСТИТА**

**ПРВИ МАЈ**

**МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ТРУДОТ**

Проблемите на вработените во правосудните органи никако да добијат позитивна разрешница. Од овие причини, на Третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, овие проблеми беа главна тема на расправа. Имено, неколкумесечните разговори и преговори, очигледно не ги дадоа очекуваните резултати. Иако на првата средба од 6 јули 2005 година на средбата во Владата на РМ на која присуствуваа премиерот Владо Бучковски и министерката Мери Младеновска – Ѓорѓиовска, заедничка беше констатацијата дека платите на судската администрација, особено на недржавните службеници се многу ниски и дека тие ќе направат напори за нивна корекција веднаш по годишните одмори, од тоа немаше ништо. По многуте инсистирања и повторни средби за ова прашање во Министерството за правда беше заклучено тоа да се обрати до Министерството за финансии заради одобрување на средства. Одговорот требаше да биде доставен до Синдикатот на УПОЗ до 15 јануари 2006 година. За жал, рокот не беше почитуван и по многуте притисоци и инсистирања, одговорот беше соопштен на заедничката средба со претседателите на Синдикалните организации на правосудните органи. Државниот секретар Виктор Цветковски соопшти дека Министерството за финансии негативно одговорило на барањето на Министерството за правда, што значи ќе нема никакви корекции на платите.

### Нема услови за организирање генерален штрајк

Имајќи го предвид огромното незадоволство на членовите, на заедничката седница на претседателите на правосудните органи што се одржа

(продолжува на 2 страница)

(продолжение од 1 страница)

на 14.02.2006 година, беше предложена можноста за организирање генерален штрајк во правосудните органи со цел да се изврши посилен притисок врз власта. За таа цел сите синдикални организации требаше да одржат состаноци и да се изјаснат по оваа иницијатива, најдоцна до 24.03.2006 година.

На Третата проширена седницата на Претседаделството на Синдикатот на УПОЗ на која учествуваа и претседателите на синдикалните организации од неколку судови,беа разгледани сите опции и беа сумирани одговорите на синдикалните организации за организирање генерален штрајк. Беше констатирано дека од 28 синдикални организации во правосудните органи, само шест ја поддржуваат иницијативата за генерален штрајк а три ќе ја поддржат било која одлука што ќе ја донесе Претседателството на Синдикатот на УПОЗ. Пет синдикални организации се изјаснија против и побараа проблемите да се решат низ преговори а дури 14 воопшто не се изјаснија. Разгледувајќи ги сите аспекти за натамошното дејствување на овој план, членовите на Претседателството оценија дека нема услови за организирање на генерален штрајк.

Во продолжение на седницата присутните беа информирани со подготовката на текстот на новиот Закон за судови што е во постапка на донесување. Синдикатот на УПОЗ беше вклучен со свој претставник во подготовката на текстот при што беа изнесени неговите забелешки. Главните забелешки на Синдикатот на УПОЗ се однесуваа на оние членови кои дословно беа пренесени од постојниот Закон за судови и претставуваа пречка за разрешување на бројни прашања значајни за работно – правниот статус на вработените. Забелешките главно се однесуваа на барањето кое уште пред две години го поднесе Синдикатот на УПОЗ за изземање на судската администрација од категоријата државни службеници, потоа проблемите на судската полиција и нивниот статус, работа во судовите во услови на штрајк, определување на работодавач на вработените во правосудните органи, регулирање на платите на судската администрација со колективен договор и други прашања. По седницата на Владата на која ќе се разгледува овој закон, текстот ќе биде доставен до сите правосудни органи а синдикалните организации ќе треба да ги достават евентуалните забелешки. Во секој случај, донесувањето на овој закон е мошне значаен за статусот на вработените и од тие причини синдикатот треба целосно да биде ангажиран до последната фаза на неговото денесување.

### Усвоени финансиските извештаи

Во натамошниот тек на седницата членовите на Претседателството расправаа околу Финансискиот извештај на УПОЗ и на Солидарниот фонд за минатата година. Претседателот на Надзорниот одбор Ѓоко Давидовски ги информира присутните дека извештаите ги разгледал и Надзорниот одбор и притоа е констатирано домаќинско работење со средствата и дека не се констатирани некои неправилности. Затоа тој им предложи, по дискусијата да ги усвојат двата извештаи. На седницата беше констатирано дека приходите по основ на членарина се максимално прибрани, активностите согласно програмските определби се целосно реализирани а има и остаток на средства кои се пренесуваат за активности во оваа година.

На Третата седница стана збор и околу иницијативата на Сојузот на синдикатите на Македонија за одбележување на Први мај - Меѓународниот ден на трудот. Имено, за подостоинствено одбележување на празникот на трудот се предвидува да се одржи голем протестен митинг преку кој на власта ќе и се прати порака и ќе се манифестира општото незадоволство на вработените, невработените, стечајците, работниците прогласени за технолошки вишок, студентите и сите незадоволни граѓани. За таа цел и Синдикатот на УПОЗ ќе се вклучи во организирањето на Првомајскиот митинг преку учество на своите членови од Скопје и другите градови од државата.

Членовите на Претседателството на крајот од седницата беа информирани и за активностите кои ги презеде Синдикатот на УПОЗ во врска со проблемите на вработените во Министерството за транспорт и врски настанати со децентрализацијата на власта. И покрај одлуката на Владата за нивно целосно преземање од локалната самоуправа, седумдесетина вработени сеуште не се преземени. Синдикатот преземаше и ќе презема активности за решавање на проблемот со цел да не се дојде во ситуација по судски пат да бидат вратени на работа. Прcredit обид тие да бидат прогласени за технолошки вишок беше спречен со активности на Синдикатот на УПОЗ кој сега го чека одговорот од министерството и Владата за нивно преземање во општините каде согласно одлукат а тие се распоредени.

*Доделена солидарна помош во 2006 година*

## КОНТИНУИРАНА ПОМОШ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ

Според Финансискиот извештај на Солидарниот фонд за работата во минатата година беше констатирано дека до Комисијата биле поднесени бкупно 265 барања од членовите на Синдикатот на УПОЗ кои побарале парична помош по разни основи. Согласно Правилникот за Солидарен фонд, барањата ги разгледува петчлена Комисија на посебни состаноци. Притоа таа одобрила вкупно 221 барање а 44 не биле одобрени заради неисполнување на условите од Правилникот или некомплетирана документација. Така, во минатата 2005 година, на име солидарна помош на членовите на УПОЗ исплатени се средства во износ од 1.537.992 денари или повеќе за 24 насто во однос на претходната година.

Исплатата на солидарна помош по сите основи ќе продолжи и оваа година а од април оваа година се доделуваат парични безкаматни позајмици со рок на отплата од 12 месеци.

# ЗОШТО НЕ СЕ ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ГЕНЕРАЛЕН ШТРАЈК ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ?

До определениот рок за изјаснување во врска со предлогот за организирање генерален штрајк во правосудните органи, од вкупно 28 синдикални организации се изјаснија само 16 а 12 воопшто не се изјаснија а можеби и не одржале состаноци и не расправале за предлогот.

Свесни за реакциите кои можат да настанат доколку преговорите не завршат успешно а имајќи го предвид и незадоволството на членовите, чуствуваме за потреба членството да биде информирано и да ги знае причините зошто не се донесе одлука за организирање генерален штрајк. Од тие причини беше испратено и писмо до сите синдикални организации во правосудните органи со цел да нема недоразбирања и да знаеме зошто сме неефикасни понекогаш.

Имено, идејата за организирање генерален штрајк ја прифатија само шест основни суда и тоа од: Делчево (со потпис на сите членови), Берово, Кочани, Куманово, Струга и Скопје 1. Три основни суда се изјаснија дека ќе ја поддржат одлуката што ќе ја донесе Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и тоа основните судови во: Дебар, Кичево и Радовиш. Ако ги сметаме и овие три суда дека го прифатиле предлогот, тоа се вкупно девет синдикални организации од вкупно 28.

Против генерален штрајк се изјаснија основните судови во: Неготино, Охрид (состанокот е двапати одржуван без кворум), Кавадарци, Прилеп, Велес, Струмица и Скопје 2. Следниве основни судови воопшто не се изјаснија: Битола, Виница, Гевгелија, Гостивар, Кратово, Ресен, Свети Николе, Тетово и Штип како и трите Апелациони судови од Скопје, Битола и Штип.

*УПОЗ со своја Интернет страница*

## www.upoz.org.mk

Со намера да се добие квалитетен информатички сервис, наменет пред се за нашето членство, за синдикалните организации, претседателите и повереницте, Синдикатот на УПОЗ во тренд со новата технологија, ја подготви својата интернет страница.

Ове е првата интернет страница на еден од гранските синдикат во ССМ која е резултат и потреба на времето. Страницата чија адреса е www.upoz.org.mk е така концепирана што таа претставува вистински медиум преку кој е претставен синдикатот на УПОЗ преку која ќе се информираат сите заинтересирани за нашите активности.

Со влегувањето на интернет страницата секој посетител ќе може да ги добие најосновните информации за Синдикатот на УПОЗ, со Статутот како основен документ. Потоа следуваат информациите за Правната служба, организираноста на синдикатот по региони на ниво на целата држава, седниците на претседателството, одлуки и заклучоци, билтенот за активностите на УПОЗ, синдикални школи и спортски игри. На интернет страницата ќе има и пристапница како и други корисни линкови.

Едноставно, со ваквиот начин на информирање на членството и јавноста, сакаме членот на нашиот Синдикат да биде навреме информиран и да се сузбијат разните гласини и дезинформации. Сметаме дека ваквиот начин на информирање ќе придонесе за подобро организирано членство кое ќе биде подготвено за побрзо реализирање на активностите на Синдикатот.

*Излезе од печат брошурата*

## ОСНОВНИ ДОКУМЕНТИ 1

За потребите на Синдикалните организации и членството, Синдикатот на УПОЗ само два месеци по одржувањето на Петтото собрание ја издаде и отпечати брошурата ***Основни документи 1*** во тираж од 1000 примероци.

Како содржина во неа се поместени, новиот Статут на Синдикатот на УПОЗ, Програмата за натамошно дејствување во наредниот петгодишен период, Одлуката за финансирање на функциите на Синдикатот на УПОЗ, Правилникот за Солидарен фонд и потребните документи за остварување на помош по основите предвидени во правилникот и список на членови на Претседателство со преглед по организации.

Преку Регионалните синдикални организации брошурата е дистрибуирана до сите синдикални организации на УПОЗ и таа ќе претставува своевиден синдикален прирачник за претседателите и повереницте во остварувањето на активностите. Сите организации кои од било кои причини не ја добиле брошурата, можат директно да се обратат до Синдикатот на УПОЗ.



### *ВТОРА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (15.02.2006 ГОДИНА)*

# ДОНЕСЕНИ ПОВЕЌЕ ОДЛУКИ ЗНАЧАЈНИ ЗА НАТАМОШНИТЕ АКТИВНОСТИ

Вообичаено е на почетокот на секој нов мандат да се донесуваат одлуки и нови решенија со кои се конституираат органите и телата на Синдикатот. Така беше и на Втората седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ што се одржа еден месец по одржувањето на Петтото собрание како највисок орган на Синдикатот. Прв документ кој беше усвоен на оваа седница беше Деловникот за работа на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ. Со него се регулира начинот на работата, изградувањето на ставовите, донесувањето на одлуките, информирањето на членовите, свикување на седниците како и другите прашања значајни за одржување на седниците.

Според усвоениот деловник, седниците на Претседателството ги свикува претседателот по потреба согласно Програмата за работа а еднаш годишно задолжително се свикува седница во проширен состав. Меѓутоа, иницијатива за свикување на седница на Претседателството може да покрене и Претседателството и синдикалните организации. Ставовите, заклучоците и одлуките, Претседателството ги донесува со јавно гласање. Одлуките се полноважни доколку за нив се изјасни мнозинството членови од присутните.

**Парични позајмици од Солидарниот фонд**

На Втората седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беа донесени измените и дополнувањата на Правилникот за Солидарен фонд. Всушност и овие измени и дополнувања се направени со цел да се овозможи уште еден основ за користење на парични средства од Солидарниот фонд, овојпат - парична позајмица. Со оваа измена ќе им се овозможи на сите членови кои имаат потреба и врз основа на приоритет да добиваат парична позајмица без камата во износ од 12.000 денари со рок на враќање од 12 месеци.

Исто така во Правилникот, во делот на парична помош во случај на елементарни непогоди е направен преглед на висината на штетата и соодветниот износ кој ќе се додели. И со овие измени ќе се овозможи поголема афирмација на неговата улога и значење меѓу членството кое од година во година се повеќе ги користи можностите кои ги дава овој фонд.

***Втората седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беше седница на која беа донесени неколку одлуки, беше извршен избор на претседатели на комисии, беа избрани членовите на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ, беше донесен Деловникот за работа на Претседателството како и измените и дополнувањата на Правилникот за Солидарен фонд.***

Согласно Статутот, на оваа седница беше избран Извршниот одбор на Претседателството како негов извршен орган. Извршниот одбор зависно од потребите ќе се состанува меѓу седниците на Претседателството и тој може да донесува одлуки и заклучоци по итни прашања. За член и претседател на овој извршен орган беше избран по функција претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски а за членови беа избрани Митко Димитровски од Царинската управа, Тони Делев од Апелационото подрачје Штип (Основен суд Струмица), Соња Солевска од Министерството за економија и Трајко Златков од Здуженијата на граѓани (Здружение на возачи на Скопје).

Во продолжението на седницата беа избрани претседателите на Надзорниот одбор и Статутарната комисија. За претседател на Надзорниот одбор беше избран Ѓоко Давидовски од Здруженијата на граѓани (Здружение на возачи на Скопје) а за претседател на Статутарната комисија беше избран досегашниот - Слободан Беличански од Апелационото подрачје Битола (Основен суд Прилеп).

**Избрани членови на комисии**

Заради истек на мандатот, на Втората седница беше конституиран и составот на Комисијата за Солидарен фонд и Натпреварувачката комисија за Спортските игри и средби како и Организациониот одбор за игрите. Имајќи ги предвид активностите во изминатиот период на овие тела, повеќето членови останаат и во новите состави.

Во Комисијата за Солидарен фонд беа избрани, Илија Смилев од Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти од Велес, (повторно) избран за претседател и членови, Димитар Варелов од Царинската управа, Димитар Наумов од Апелационото подрачје Скопје (Апелационен суд Скопје), Томо Ѓорѓиев од Фондот за здраство на Скопје и Горан Ѓошев од Воената болница во Скопје.

На чело на организациониот одбор за Спортските игри и средби е избран претседателот Ванчо Муратовски а за членови се избрани Пецо Грујовски генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ, Соња Солевска од Министерството за економија, Ѓорѓи Пакетчиев од Министерството за транспорт и врски, Драган Миловановсвки од Царинската управа на Македонија, Љубен Биновски од Апелационото подрачје Битола (Основен суд Прилеп), Дарко Блинков од Министерството за животна средина и просторно планирање и Васе Недановски од Управата за јавни приходи.

Натпреварувачката комисија остана во истиот состав имајќи ја предвид оценката која беше искажана на седницата дека таа успешно ги спроведуваше натпреварите на игрите. Претседател и натаму ќе биде Слободан Николовски од Локалната самоуправа, Татјана Алексовска од Фондот за ПИОМ, Ѓорѓи Постоловски од Воената Болница во Скопје, Стефан Крстевски од Царинската управа, Стојан Орешков од Државниот завод за геодетски работи, Билјана Стаматова од Министерството за финансии, Петре Неделковски од Апелациониот суд во Скопје и Тони Делев од Основниот суд во Струмица.

Членовите на Претседателството донесоа и две одлуки. Едната одлука беше донесена за организирање на Седумнаесеттата синдикална школа од 23-25 февруари 2006 година во хотелот "Радика" во Маврово. Како и минатите години и на оваа школа ќе бидат разгледани три актуелни теми. Втората одлука се однесуваше за организирање на Дванаесеттите спортски игри и средби. Тие ќе се одржат од 3 - 6 јуни 2006 година во хотелите "Метропол", "Белви" и "Турист" (депанданс на хотелот "Метропол").

**Верификувани мандатите на делегатите за Конгресот на ССМ и членови на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ**

Согласно предлозите од синдикалните оганизации за предлагање на делегати за Седумнаесеттиот конгрес на ССМ, на Втората седница на Претседателството беа верификувани мандатите на следниве делегати: Илија Ивановски од Фондот за ПИОМ, Зоран Крстевски од Државниот завод за геодетски работи, Горан Геровски од Царинската управа на Македонија, Веселин Стојчевски од Фондот за здравство, Славка Атанасова - Ниниќ од Воената болница, Крум Николовски од Локалната самоуправа Делчево, Димитар Наумов од Апелациониот суд во Скопје, Трајко Златков од здруженијата на граѓани, Зорица Илиќ од Министерството за правда, Мирјана Атанасовска од Основното јавно обвинителство од Прилеп, Татјана Алексовска - Сапунџиоска од Државниот архив на РМ, Валентин Зафиров од Основниот суд во Велес и Васо Серафимовски од Министерството за економија.

Исто така, согласно предлозите на синдикалните организации, на Втората седница на Претседателството беа верификувани мандатите на членовите на Советот на ССМ од Синдикатот на УПОЗ на следниве членови: Веселин Стојчевски од Фондот за здравство, Панче Димов од Управата за јавни приходи, Стојан Орешков од Државниот завод за геодетски работи, Горан Геровски од Царинската управа на РМ, Иле Танев од Основниот суд во Велес и Илија Ивановски од Фондот за здраство.

### *ХРОНОЛОГИЈА НА БАРАЊАТА ЗА КОРЕКЦИЈА НА ПЛАТИТЕ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ*

# ГЛУВИ И НЕМИ ЗА БАРАЊАТА НА СИНДИКАТОТ

Вистинска одисеја или од по трње, слободно можат да се наречат сите активности кои ги презеде и сеуште ги презема Синдикатот на УПОЗ во врска со барањето за корекција на платите на вработените во правосудните органи. Само неколку месеци по декомпресијата на платите на државните службеници направена во април 2004 година, Синдикатот на УПОЗ побара средба со претседателот на Врховниот суд на Македонија Дане Илиев, како претседател на Судскиот буџет и работодавач на вработените во правосудните органи. Одговор за средба немаше речиси цел месец. Синдикатот на УПОЗ повторно писмено го потсети претседателот на Врховниот суд, особено што со неговиот претходник Симон Гелевски непосредно пред истекот на мандатот беше добиено ветување за одредени корекции на вработените.

По две обраќања на синдикатот, конечно стигна одговорот од Врховниот суд во кое претседателот Дане Илиев сам се прогласи за ненадлежен да преговара за платите на судската администрација и дека тој "нема што да разговара со синдикатот бидејќи тој е работодавач само на судиите". По ваквиот шокантен и несериозен одговор, Синдикатот на УПОЗ навистина беше затечен: како да му се објасни на господинот претседател на Врховниот суд дека тој е работодавач на сите вработени во правосудството и дека преговорите кои беа водени со неговиот претходник само треба да се завршат.

Од овие причини, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 28.06.2005 година расправаше по прашањето на ниските плати на вработените кои не се државни службеници како и за државните службеници кои до априлската декомпресија во 2006 година добија минимално зголемување на платите. Тоа беа аргументите со кои беше актуелизирано ова прашање. На седницата беше заклучено веднаш да се побара средба со министерот за правда или ова прашање да се актуелизира и пред премиерот. Зачудувачки брзо стигна одговор на барањето за средба во Владата. Таа се оствари на 6.07.2005 година во Владата на РМ на која присуствуваа премиерот Владо Бучковски, министерката за правда Мери Младеновска - Ѓеоргиевска и министерот за труд и социјална политика Стевчо Јакимовски. По излагањето на барањата од претставниците на Синдикатот, еднодушна и заедничка беше констатацијата на сите присутни на средбата дека платите на овие категории работници (недржавни и државни службеници) се навистина мали и потребна е нивна корекција. За таа цел премиерот Бучковски ја задолжи министерката Младеновска да ги преиспита можностите за корекција на платите веднаш по годишните одмори.

Бидејќи изминаа многу денови по завршувањето на годишните одмори а одговорот никако да стигне, Синдикатот на УПОЗ со писмо се обрати до премиерот Бучковски да го потсети на преземените обврски и на ветениот одговор. Владата очигледно го одолговлекуваше одговорот, купувајќи на тој начин само време што е препознатлив стил на секоја влада а особено на актуелната.

Во меѓувреме, Синдикатот на УПОЗ имајќи го предвид незадоволството на членството се обиде да ги поттикне синдикалните организации на трите скопски судови со цел да се принуди на преговори претседателот на Врховниот суд. Одговорот беше негативен со образложение дека членовите не сакаат протести и штрајкови и бараат низ преговори да се дојде до соодветно решение.

На 27.10.2005 година беше одржан состанок со претседателите на синдикалните организации од правосудните органи на кој покрај за овие прашања се расправаше и за проблемите на судската полиција и вработените во Казнено - поправните установи. На состанокот присуствуваше и државниот секретар во Министерството за правда, Виктор Цветковски. Заклучоци од состанокот ги усвои и Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на првата наредна седница што се одржа на 1.11.2005 година и истите беа доставени до Министерството за правда . (Овие заклучоци објавени се во Билтенот бр 40 (4) - октомври ноември 2005 година).

Конечно на 14.12.2005 година во Министерството за правда дојде до преговори во врска со барањата на Синдикатот на УПОЗ. На средбата беше позитивно одговорено на повеќето барања на Синдикатот на УПОЗ а за некои беа дадени одговори со рокови што беше прифатливо за синдикатот. Меѓутоа, на клучното барање за корекција на платите не беше даден позитивен одговор од страна на претставникот на Министерството за финансии Димитар Тодевски кој рече дека министерството ќе се изјасни и писмено ќе го извести министерот за правда најдоцна до 15.01.2006 година.

Вообичаената практика на "купување време" од страна на Владата продолжи. Не само што Синдикатот на УПОЗ во утврдениот рок не доби одговор, туку на повиците упатени кон министерката за средба, наиде на класично ескивирање повеќе од еден месец. На почетокот на фев-

(продолжува на 6 страница)

(продолжение од 5 страница)

руари на средбата меѓу Владата и ССМ, ваквиот однос и избегнување на одговорот од страна на министерката беше критикувана од синдикатот. Но за жал само по неколку дена стигна негативен одговор со образложение дека "и покрај оправданоста на барањето на Синдикатот на УПОЗ и поддршката на Министерството за правда за корекција на платите, Министерството за финансии го одбило барањето".

Одговорот повеќе наликуваше на приказна на мали деца, заради што Синдикатот на УПОЗ на 14.03.2006 година закажа нов состанок со претседателите на синдикалните организации во правосудните органи. На состанокот ова прашање беше разгледано од повеќе аспекти и беше констатирано дека Синдикатот на УПОЗ ги презел сите активности, но очигледно од другата страна има неми и глуви соговорници. Од овие причини беше побарано да се изврши посилен притисок врз власта со организирање генерален штрајк. За таа цел беше испратено писмо до сите синдикални организации во правосудните органи кои требаше да се изјаснат дали се или не се за организирање генерален штрајк. За жал, одговорите беа повеќе од разочарувачки. Од вкупно 28 синдикални организации, половината воопшто не одржале состаноци и не дадоа никаков одговор. Под такви околности ниту Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 12.04.2006 година кое ги анализираше одговорите и требаше да донесе одлука за штрајк, не беше во можност тоа да го направи. Единствен начин, после се ова е со преговори кои можат да траат уште долго, да се бара решение за проблемот на платите на вработените во правосудните органи.

**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б - Скопје,
тел: 02/31-26-351;
тел./факс: 02/32-30-829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: Пецо Груевски

• Подготовка за печат "Макформ"-Скопје

• Тираж 600 примероци

**www.upoz.org.mk**

# СЕ ОДРЖА СЕДУМНАЕСЕТТАТА СИНДИКАЛНА ШКОЛА

Седумнаесеттата синдикална школа на УПОЗ се одржа од 23 до 25 февруари 2006 година во хотелот "Радика" во Леуново - Маврово. Продолжи традицијата на организирање синдикални школи кои се убава прилика за членовите - посетители да се запознаат со нови и актуелни теми.

Првата тема на Седумнаесеттата синдикална школа беше непосредно поврзана со синдикалните активности во синдикалните организации насловена како "Улогата на синдикалниот претставник и заштитата на правата од работен однос". На оваа тема зборуваше Драге Јованоски раководител на Одделението за работни односи и правна заштита при Сојузот на синдикатите на Македонија.

Втор предавач беше проф. Д - р Ристо Христов од Економскиот факултет во Скопје кој пред слушателите на Седумнаесеттата синдикална школа зборуваше за "Општите процеси на глобализацијата и новата улога на Синдикатот".

За "Реформите во пензискиот систем во Република Македонија" како мошне актуелна тема во последно време зборуваше Д - р Ана Павловска - Данева, доцент на Правниот факултет во Скопје.

Според мислењето на учесниците добиено врз основа на одговорите на анкетниот прашалник, Седумнаесеттата синдикална школа како и претходните, беше добро организирана. Темите беа оценети како актуелни и корисни а нивните предавачи како компетентни и успешни кои успеаја да предизвикаат интерес кај слушателите. Единствената забелешка беше дека на Школата треба да учествуваат поголем број млади и нови членови на Синдикатот.

Деновиве излезе од печат и брошурата од Седумнаесеттата синдикална школа и во неа интегрално се поместени трите предавања. Сите синдикални организации ќе ја добијат оваа брошура со што се создаваат можности, со предавањата да се запознаат повеќе наши членови. Исто така, предавањата ќе бидат објавени и на Интернет страницата на Синдикатот на УПОЗ.

***Од 3 до 6 јуни 2006 година во Охрид***

# ЌЕ СЕ ОДРЖАТ ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на својата Трета седница донесе одлука Дванаесеттите спортски игри и средби оваа година да се одржат од 3 до 6 јуни 2006 година. Традицијата игрите да се одржуваат во првиот викенд од јуни продолжува, меѓутоа оваа година има мала измена на деновите во кои тие ќе се одржуваат. Така, наместо во деновите четврток - недела игрите ќе се одржат во деновите сабота - вторник. До ваквата измена дојде од причини што во хотелите "Метропол" и "Белви" каде последниве две години се одржуваат игрите немаше слободни термини освен овој

Како и минатите години и оваа учесниците ќе се натпреваруваат во машка и женска конкуренција во следниве дисциплини: (мажи) крос, мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг-понг, шах и стрелаштво и (жени) крос, баскет, одбојка, пинг-понг, шах, стрелаштво и пикадо и заедничката дисциплина - влечење јаже. И годинава предвидено е надвор од натпреварувачката конкуренција да се организираат натпревари во тенис а пред финалниот натпревар во кошарка и натпревар во фрлање тројки.

Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија го одржаа својот прв состанок на кој се направени неопходните подготовки и утврдени роковите за пријавување. Согласно договореното, писмено се известени сите синдикални организации и тие своето учество односно екипите треба да ги пријават најдоцна до 10 мај 2006 година.

Сместувањето на учесниците ќе биде во хотелите "Белви" по цена од 1470 и "Турист" по цена од 1350 денари дневен пансион. Трошоците за превоз и сместување на екипите ќе ги сносат синдикалните организации.

Пристигнувањето на учесниците е предвидено за 3 јуни 2006 година во попладневните часови или најдоцна до 14,00 часот а првиот состанок со капитените на екипите ќе се одржи во 16,00 часот.

Свеченото отворање на Дванаесеттите спортски игри и средби ќе биде на 3 јуни со почето во 19,30 часот и на него ќе учествуваат сите учесници. Дванаесеттите спортски игри ќе завршат со свечена вечера на 5 јуни со почеток во 21,00 часот кога ќе бидат прогласени најдобрите и ќе добијат пехари и дипломи.

Се очекува и оваа година на игрите да учествуваат околу 600 учесници.